**Архивски број: 08-328/7**
**Датум: ______________ година** 03-07-2026

Врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/20), постапувајќи по Претставка бр. 08–328/1 од 24.03.2026 година, поднесена од страна на ///// со адреса на живеење ///// против Општина /////, со седиште на /////, за сторена дискриминација врз основа на потекло и национална или етничка припадност, во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на потекло и национална или етничка припадност, во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на Општина ///// кон /////и граѓаните со живеалиште на /////.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на лицето /////, на ден 24.03.2026 година година до Комисијата е поднесена Претставка за заштита од дискриминација врз основа на потекло и национална или етничка припадност, во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на Општина /////.

Во претставката подносителот наведува дека во подолг временски период, последните неколку месеци, жителите на наведената улица се соочуваат со значително ограничено функционирање на уличното осветлување, но дека тоа е проблем и со други комунални услуги, за кои наведува дека кога ќе ги комплетира доказите дополнително ќе поднесе претставка. Наведува дека уличното осветлување функционира само ограничен временски период во текот на вечерните часови и тоа најчесто до 21 часот, по што намерно се исклучува и улицата останува целосно неосветлена. Наведеното се случува во континуитет, не е изолиран случај. Понатаму наведува дека во исто време, на други улици во истата населба, во непосредна близина на нивната улица, уличното осветлување функционира непрекинато во текот на целата ноќ, без никакви ограничувања. Нефункционирањето на уличното осветлување во вечерните часови создава сериозни ризици за безбедноста на жителите на улицата, движењето на пешаците, особено на децата, постарите лица и на лицата со намалена подвижност е значително отежнато и небезбедно. Понатаму, наведува дека ваквата состојба ја зголемува можноста за појава на кражби, оштетување на имот и други безбедносни инциденти. Оваа улица, наведува подносителот дека е претежно населена со граѓани од албанска етничка припадност. Па иако сите жители на населбата се наоѓаат во иста правна и фактичка состојба и плаќаат исти давачки и комунални услуги, наведува дека постои очигледна разлика


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

во степенот на обезбедување на јавните услуги. Па наведува дека таквите околности создаваат основано сомнение дека во практиката на обезбедување на јавни комунални услуги од страна на Општината постои нееднаков третман, кој има непропорционално негативно влијание врз жителите од одредена етничка заедница. Подносителот наведува и дека во неколку наврати го контактирал правниот субјект кој обезбедува комунални услуги, како и Општината, но во телефонски разговор му било кажано, цитирам: „Вие таму крадете струја“ и други паушални и стереотипни обвинувања без докази. За крај наведува дека на 20.03.2026 година, за празникот Бајрам, осветлувањето не било исклучено, па така сметаат жителите дека Општината ги „почестила“ со осветлување, со што несвесно ја потврдила нивната перцепција дека Општината ги третира како припадници на одредена група која за празник заслужува да биде почестена, а не да биде третирана како рамноправни граѓани.

* * *

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата со Барање за произнесување бр. 08-328/2 од 30.03.2026 година се обрати до Општина /////, од каде е доставен Одговор, во Комисијата заверен со бр. 08-328/3 од 28.04.2026 година.

Во Одговорот, Општина ///// наведува дека не се работи за нееднаков третман, туку дека прекинот во функционирањето на уличното осветлување на наведената улица е поради пренапон во електричната мрежа, кој претставува сериозен технички ризик кој може да доведе до оштетување на електричната и осветителна опрема и претставува потенцијална опасност по безбедноста на граѓаните и животната средина и дека исто така е утврдено постоење на неовластени приклучоци и потрошувачи кои се приклучени на мрежата за улично осветлување, надвор од намената на истата. Понатаму, во Одговорот стои дека согласно законските прописи за безбедност и заштита, прекинот на уличното осветлување е извршен како превентивна мерка со цел да се избегнат дополнителни штети и ризици, како и да се овозможи откривање на неовластени приклучоци и дека надлежните служби веќе постапуваат по наведениот проблем, по што ќе следи нормализирање на снабдувањето. Понатаму, во Одговорот, Општината наведува дека согласно Договорот за јавно приватно партнерство за воведување на енергетска ефикасност меѓу проектирање, финансирање, изградба, стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина ///// помеѓу Општината и економскиот оператор ///// бр. ///// од ///// година, надлежен за уличното осветлување е наведениот економски оператор, па во прилог на Одговорот го доставуваат и Известувањето од економскиот оператор со податоци од системот за периодот од 08.03.2026 година до 07.04.2026 година, како и слики од детектирани неовластени приклучоци.

Во Известувањето од економскиот оператор упатено до Општина /////, се наведува дека е дојдено до прекин во функционирањето на уличното осветлување во населбата ///// и дека тоа претставува сериозен технички ризик, кој може да доведе до оштетување на електричната и осветителна опрема, како и до потенцијална


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

опасност по безбедноста на граѓаните и животната средина и дека заради избегнување на живото-загрозувачки ефекти од таквите дефекти, преземени се соодветни мерки. Наведуваат дека прекинот на уличното осветлување е направено во согласнот со законските прописи за безбедност и заштита, како превентивна мерка заради избегнување на дополнителни штети и ризици и заради отстранување на неовластени приклучоци.

* * *

Со одредбата од членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се утврдуваат дискриминаторските основи, меѓу кои Законот ги утврдува и потеклото и националната и етничката припадност како дискриминаторски основи. Со одредбата од членот 6 од истиот закон се утврдува дефиницијата за дискриминација, која е уредена на следниот начин: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*, додека пак со одредбата од членот 8 став (1) од истиот закон директната дискриминација се утврдува на следниот начин: *„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“*.

Општата надлежност на општините се уредува со членот 20 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), кој гласи: *„Општините, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, имаат право на своето подрачје **да ги вршат работите од јавен интерес од локално значење**, што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.“*. Со одредбата од членот 22 од истиот закон е утврдена листата на надлежности на општините. Тој гласи:

*„Општините се надлежни за вршење на следниве работи:*

*1. Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;*

*2. Заштитата на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење;*

*3. Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска*

*политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;*

*4.* ***Комуналните дејности*** *- снабдувањето со вода за пиење; испораката на технолошката вода; одведувањето и пречистувањето на отпадните води;* ***јавното осветлување;*** *одведувањето и третманот на атмосферските води; одржувањето на јавна чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните возила; отстранување на хаварисаните возила од јавните површини; изградбата и одржувањето на пазарите; чистењето на оџаците; одржувањето и користењето на парковите, зеленилото, парк - шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;*

*5. Културата - институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво;*

*6. Спортот и рекреацијата - развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградбата на објекти за спорт; поддршка на спортски сојузи;*

*7. Социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување на социјална грижа за инвалидните лица; децата без родители и родителска грижа; деца со воспитно- социјални проблеми; деца со посебни потреби; децата од еднородителски семејства; децата на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита;*

*8. Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;*

*9. Здравствената заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на*

*локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон;*

*10. Спроведување на Подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;*

*11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;*

*12. Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност и*

*13. Други работи определени со закон.*

***Надлежностите од ставот (1) на овој член се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со закон.***

***Со закон се утврдуваат работите од надлежност на општината кои таа задолжително ќе ги врши.“.***

***

Во смисла на претходно наведените законски одредби, земајќи ги во предвид сите наводи изнесени во претставката на подносителот, како и содржината на произнесувањето на потенцијалниот дискриминатор и прилозите кон истите, земајќи во предвид и тоа дека на приложеното Известување од економскиот оператор од 08.04.2026 година стои електронски потпис од лице со име и презиме /////, но истото не е архивски заверено со приемен печат и во Општина /////, согласно законските прописи кои го регулираат архивското работење, Комисијата не го најде за веродостоен документ, бидејќи како што наведе недостасуваат сите елементи кои ја потврдуваат неговата веродостојност, па така ценеше дека од страна на потенцијалниот дискриминатор е сторена директна дискриминација врз основа на потекло и национална или етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги кон ///// и граѓаните со живеалиште на /////. Дополнително, во ниеден наврат во произнесувањето на Општина /////, не е наведено дека како за проблем кој го наведуваат како дивите приклучоци, е остварена соодветна комуникација и соработка со надлежната електродистрибутивна компанија, ниту пак во своето произнесување даваат образложение поконкретно на кои законски одредби за заштита и безбедност се мисли, а на кои се повикуваат економскиот оператор за да има право да врши прекин на уличното осветлување. Земено се во целина, Општина /////, не ја исполнила својата законска обврска од членот 22 став (1) точка 4 од Законот за локалната самоуправа кон граѓаните кои живеат на улицата /////, со што не им овозможила еднаков пристап до добри и услуги како и на жителите од околните улици во непосредна близина на наведената.

***


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно се горе наведено, Комисијата утврди дека од страна на Општина ///// е сторена директна дискриминација врз основа на потекло и национална или етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги кон ///// и граѓаните со живеалиште на /////, и се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење, а согласно одредбите од ставот (2) од членот 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните:

**П Р Е П О Р А К И**

1. СЕ ПРОПОРАЧУВА на Општина ///// во рок од 30 дена од денот на приемот на Мислењето да преземе дејствија за отстранување на проблемот со јавното улично осветлување на ///// и за преземените дејствија, во рок од 8 дена по нивното преземање писмено да ја извести Комисијата.
2. СЕ ПРОПОРАЧУВА на Општина ///// во иднина да се воздржи од нееднакво спроведување на своите надлежности уредени со Законот за локалната самоуправа кон жителите на различните населени места на Општина /////.

Доколку Општина ///// не постапи согласно наведените препораки, согласно своите надлежности уредени со одредбата од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје, 17.06.2026 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
- /////;
- /////;
- Архива на Комисијата;